Јавна Установа за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение Скопје

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение
Institucioni publik i kujdesit të fëmijëve me probleme edukativo-sociale dhe sjellje devijante
Бр.Nr. 01-3296/1
31.12.2024 год.viti
СКОПЈЕ-SHKUP

И З В Е Ш Т А Ј

ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ ДЕЦА СО ВОСПИТНО СОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ И НАРУШЕНО ПОВЕДЕНИЕ ЗА 2024 ГОДИНА

Скопје, декември 2024 година

Врз основа на член 20 од Статутот на Јавната Установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение, ВД Директорот на Јавната Установа го донесе следниот:

ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ ДЕЦА СО ВОСПИТНО СОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ И НАРУШЕНО ПОВЕДЕНИЕ ЗА 2024 ГОДИНА

В О В Е Д

Јавната установа за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение, во рамки на изминатата 2024 година во своето дејствување и организација на работата, постапуваше согласно Годишната програма за работа за 2024 година.

Работните задачи се извршени во согласност со Законот за социјална заштита и Законот за правда за децата, а во целост се применети во сила законските и под законските акти, кои ја регулираат конкретната проблематика.

Во рамки на 2024 година, Установата работата ја организираше на четири локации на територија на град Скопје или во три мали групни домови организирани во Службата за заедничко живеење на деца со воспитно социјални проблеми и еден мал групен дом, организирани во Службата за заедничко живеење на деца со нарушено поведение.

За локацијата каде што се организира работата на Службите се известени сите надлежни институции. Објектите на малите групни домови се обезбедени под Закуп на установата.

Работата со децата во сите сегменти се одвиваше успешно и усогласено со одредбите за работа на установата, како и согласно планираното.

.

Потребите на децата почнувајќи од воспоставување на достоинствени услови за живот се задоволени, набавени се облека и обувки за тековната година, во установата, односно организационите единици за подготовка на оброци се користи разновидна храна, на барањата на децата секогаш се излегува во пресрет,обезбедени се средства за хигиена за корисниците, но и за просторот каде што децата живеат, се организира дочек на новата година во секоја од куќите во установата, се организираа посети во тековната година на кино, театар, прошетки во природа, разгледување на градот и запознавање со знаменитостите, дружење со претставници од локалната самоуправа.

Сите деца од установата се вклучени во образовен процес и се опфатени во ситемот на здравствена заштита и слично.

ЗАКОНСКИ НАДЛЕЖНОСТИ

Установата постапува и ја организира работата во согласност со Закон за социјална заштита, и сите надлежностите и дејствијата на јавната установа се утврдени во овој Закон (Сл. Весник на РСМ бр. 104/19), Законот за правда за децата, како и Статутот на установата.

Сместувањето во установата опфаќа основна заштита која обезбедува: згрижување, 24 часовна помош и подршка од стручни лица, исхрана, облека и обезбедување на здравствена заштита, во зависност од утврдените потреби на корисникот, на кој од разни причини му е потребна вон – семејна заштита.

Услугата за сместување во установа за деца обезбедува пристап до образование, стекнување животни вештини, работно оспособување, професионална рехабилитација, социјални, културни и рекреативни активности, во зависност од потребите на клорисниците на услуги.

Услугата за сместување на деца во судир со Закон од 14 до 18 години взраст, со изречена мерка упатување во воспитна установа, а во согласност со прописите од областана за извршување на санкции и упатување во соодветна установа во согласност со Закон, освен основната заштита дефинирана во став 1 од членот од Законот за социјална заштита опфаќа и ресоцијализација, реинтеграција, воспитание, пристап до образование и образовна подршка,организирано минување на слободното време и други услуги.

Установата во согласност со Законот за правда за децата врши прифаќање и креаткотрајно сместување на малолетници упатени на извршување на мерка " Упатување во центар за малолетници", изречена од суд и ќе спроведува соодветни краткотрајни мерки со кои се врши влијание врз личноста и поведението на малолетникот.

Установата организира и спроведува основно образование за малолетници со нарушено поведение, во рамки на несамостојно Основно училиште во Установа за социјална заштита, каде во моментот и се обавува настава во двата мали групни дома од страна на стручен наставен кадар, согласно однапред дефиниран распоред за работа.

Основното училиште работи согласно Решение за верификација на воспитно – образовна дејност за ЈУ за деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение донесено од Министерството за образование и наука на Република Македонија бр. 11-18454/6.14 од 11.02.2015 година.

Во тековната 2024 година, ОУ при Јавната установа не реализираше работа од причина што во ОУ нема запишано деца, кој исполнуваат услов да следат настава во училиштето, како корисници на услуги од установата. Наставниот кадар е по насоки од Министерството за социјална политика, демографија и млади, распределен на работни задачи во делот на воспитната работа, со задолженија, а во тек е постапка за решпавање на нивниот иден статус, во услови кога нема деца запишани во ОУ.

Согласно законските надлежности во установата, поради недостатокна стручен кадар во рамки на 2024 година, во функција не е ставен Центарот за деца за краткотрајно сместување на деца со судска одлука.

ЗАКОНСКИ ВЛИЈАНИЈА

Освен Законот за социјална заштита и Законот за правда за децата, установата обавуваше работни задачи, во согласност со:

- Законот за извршување на санкции,
- Законот за вработени во јавен сектор,
- Законот за административни службеници,
- Закон за семејство,
- Закон за работни односи,
- Закон за установите и
- други Закони кои ја регулираат областа на функционирање на установата.

Во тековната 2024 година од страна на установата повторно е изготвен Правилник за измена и дополнување на Правилник за систематизација на работни места, корегиран од страна на стручните служби при Министерството за социјална политика, демографија и млади, но истиот не е одобрен од МИОА односно до денешен ден не е добиена согласност на истиот.

Причини поради кои е изготвен нов Правилник за систематизација на работни места е фактот дека подолг период се соочуваме со неправда направена на административните службеници од установата. Имено при донесување на Законот за вработени во јавниот сектор во 2014 година, кога е направено рангирање на вработените на конкретни ниво на работни места, поради проширувањето на дејноста на установата, сите административни службеници, по укажување од раководниот кадар во МИОА кој не водеше при имплементација на одредбите на тогаш, новиот Закон, се рангирани на најниско ниво – помлади соработници, со најниска плата, иако сите се со долгогодишно работно искуство и неспорно важни чинители за успешното работење на установата. Во обид да ја поправиме грешката, која не е повторена во ниту една друга институција од социјална заштита, изготвивме нов Правилник во насока на заслужено унапредување на вработените. Правилникот во електронска и писмена форма е испратен до Министерството за социјална политика, демографија и млади. До денешен ден одговор не е пристигнат во јавната установа, па од тука работата е организирана согласно Правилниците за внатрешна организиција и систематизација на работни места, во сила.

Во очекување сме во 2025 година да добиеме позитивен одговор од МИОА.

Го потенцираме овој момент во извештајниот период од причина што потребите на установата се реални и фактички, но истите не се препознаени од страна на други надлежни институции до денешен ден, од каде ни е усно дадена информација дека средства нема да се обезбедат во моменталните услови.

ПРОСТОРНО ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Седиштето на Јавната установа е сместено во населба Бутел 1, на ул Петар Манџуков бб, во Скопје.

1. Седиште на установата

Објектот располага со корисна површина од 2.500 м2, со сопствен двор, спортски центар со спортска сала и економија-оранжерија. Во установата функционира кујна за 120 лица и трпезарија за 70 лица во една смена како и перална со капацитет за 150 лица.
Обрнуваме внимание дека во 2024 година во овој објект работи администрација и помошно технички кадар кој е мобилен, согласно потребите на Службите на установата, а во дел од објектот е сместена единица на Центарот за социјални работи, подрачна единица Бутел и Чаир, како и Одделение на МТСП за решавање на предмети на воени лица.

Имавме сознанија дека во седиштето на установата до крајот на 2025 година ке биде организиран Центар за деца – за советувалишна работа, но тоа до денешен ден или заклучно со крајот на 2024 година не се случи.

Укажано е во повеќе наврати на Министерството за социјална политика, демографија и млади, дека во установата постои уреден простор за ставање во функција на Центар за деца согласно законот за правда, но истиот не е во употреба, имајки во предвид дека од страна на службите при Министерството за социјална политика, демографија и млади, не се дадени до овој момент насоки за денот кога истиот ке биде ставен во функција.

Од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, во месец ноември имаме добиено усмена информација дека дел од објектот, по завршување на постапката за вадење на имотен лист, ке биде даден на трајно користење или стопанисување на МВР.Во очекување сме на информации од суштински карактер на почетокот на 2025 година, со цел понатамошно организирање и плаирање на работата на установата, во смисла на отворање на нови оддели за работа од областа на социјална заштита.

Служба за заедничко живеење на деца со воспитно социјални проблеми

Работата во оваа Служба во 2024 година се организираше во 3 организациони единици или во 3 куки на територија на град Скопје кои установата ги закупи согласно активни договори за закуп, со можност истите да се продолжуваат.
Локациите и капацитетите на куќите се опишани подолу во текстот:

- **Оддел Капиштец** располага со корисна станбена површина од 179 м2 на чиј простор планирано е сместување на најмногу 7 деца со воспитно социјални проблеми**,**
- **Оддел Козле,** располага со корисна станбена површина од 240 м2, на чиј простор планирано е сместување на најмногу 7 деца со воспитно социјални проблеми,
- **Оддел Влае 2**, со станбена површина од 240 м2, на чиј простор планирано е сместување на најмногу 7 деца со воспитно социјални проблеми.

Одделите имаат капацитет за згрижување на 5 до 7 деца, а во изминатата 2024 година не е надминат бројот на згрижени деца во одделите, со што се обезбедени соодветни услови за живот на децата.

Поради недостаток на стручни работници за работа со деца, установата го раскина договорот за закуп за една куќа, за што уредно го извести Министерството и Управен одбор.
Од МТСП беа побарани насоки за постапување во ситуација кога нема доволно стручен кадар, на што писмено е одговорено дека Установата сама одлучува за своите потреби.
Информацијата е споделена со членовите на УО од каде е донесен заклучок дека за намалување на капацитетите на установата, дефинирани во подзаконските акти е неопходна согласност од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, имајки во предвид дека креирањето на политики е во нивна надлежност.
Нагласуваме во овој Извештај дека обврска на службите при Министерството за социјална политика, демографија и млади, е да обезбедат доволен број на вработувања, во насока на обезбедување на можности за работа на куќите. Во спротивно се соочуваме со лоша фактичка состојба, која упатува на лошо менаџирање и исплаќање на средства за објекти кои фактички не ги користи установата.
Искрено се надеваме дека наредната 2025 година, ке бидат превземени чекори за правилна организација на тековното работење, секако со подршка на Министерството за социјална политика, демографија и млади ,од причина што како установа сме втора буџетска линија која постапува преку Министерството за социјална политика, демографија и млади, во делот на буџетирање на средства, како прва буџетска линија, согласно Законот за буџетско работење.
Претходното како очекување е воспоставено врз основа на добиена согласност за обезбедени финансиски средства за 2024 година, која е доцна пристигната од страна на МФ и Министерството за социјална политика, демографија и млади и истата е во тек и во 2025 година, во која очекуваме продолжување на истата и успешно завршување на започнатата постапка за вработување на 8 даватели науслуги и 3 лица – помошно технички кадар.

Служба за заедничко живеење на деца со нарушено поведение и Служба за вршење на наставно образовна дејност за деца со нарушено поведение

- **Оддел Радишани со стамбена површина од 161 м2 и дворена површина од 532 м2,**на чиј простор планирано е сместување на најмногу 5 деца,

Во делот на работа на оваа Служба бележиме сериозни проблеми во организацијата, кои за краток период ке бидат претпоставуваме видливи, од причина што работата се извршува во една куќа, а бројот на деца е непредвидлив бидејки за истите одлучуваат судии кои ги изрекуваат пресудите за сместување на деца, а при тоа не консултираат со установата, ниту пак имаат информации за расположливите капацитети. Во 2024 година со овој проблем не се соочивме, но тоа секако не значи дека и во иднина ке биде така.
Овој проблем треба серизоно да биде разгледам од страна на Министерството, кое би понудило соодветни решенија од траен карактер.
Установата цврсто стои на ставот дека е неопхдно стопанисување со куќи во соптсвеност на јавната установа, бидејки во оваа служба работиме исклучително со тешка и високо ризична категорија на деца, во чиј интерес секако не е постојано преселување и адаптирање на средината. Токму тоа не оди во прилог на правилна ресоцијализација, што е примарна цел на установата.

При елаборација на овој Извештај пред Управен одбор, посебен акцент ке биде ставен на оваа точка, со укажување дека сме многу свесни за нејзиното значење и сме свесни за одговорноста која ке произлезе од непостапување.

МАПИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ПРОСТОР

Во изминатата 2024 година создадовме многу реална и објективна слика за социјалниот простор во чии територијални рамки се лоцирани Одделите на јавната установа, а една од главните точки или приоритети во 2025 година е да се продолжи со истота динамика на мапирање на просторот.

Сакаме да напоменеме дека во изминатата година сериозен белег во нашата работа, во негативна смисла остави недоволната соработка со локалната самоуправа, која не покажа интерес и грижа за нашите корисници на услуги, кои живеат на конкретна територија. Изминатите години ја презентираат истата слика, за која цениме дека нема подобрување.

Локалната самоуправа, преку свои претставници не се вклучува во соработка со установата, иако во повеќе наврати од наша страна е инсистирано, ако се земе во предвид фактот дека и до денешен ден или по шест години од деинституционализацијата малите групни домови се стигматизирани, а дел од граѓаните, соседите, воопшто не ги прифаќаат нашите корисници на услуги. Убедени сме дека локалната самоуправа, може да даде сериозен и голем придонес во едукацијата на населението за проблематиката на работата на установата.

Она што не загрижува е фактот дека ниту еден Градоначалник, ниту претставник од Службите на Градоначалниците не покажаа интерес за децата сместени во локалните подрачја, а токму првите луге на градот би можеле да реализират позитивен учинок во однос на сегашната позиција на децата во локалната самоуправа, но и да влијаат на нивната иднина. Тогаш заеднички би можеле да кажеме дека сите заедно постапуваме во интерес на создавање на идни здрави индивидуи со општествено прифатливо однесување.

Децата од установата се вклучени во образовен процес, во редовни основни и средни училишта, првично е направен контакт со училиштата во локалната самоуправа, со цел соодветно прифаќање на децата од установата и вклучување во образование.

Генерално и во тековната 2024 година установата се соочуваше со проблеми при упис на ново згрижени деца во адекватни основни и средни училишта, но благодарение на упорноста на менаџментот, искуствата на вработените и добрата досегашна соработка, сепак се успеваше децата да бидат вклучени во образовниот процес, согласно Закон.

Од страна на училиштата, презентирано преку родителите на децата, се уште се потенцира фактот дека децата од домовите се несакани и неприфатени од страна на средината.

Децата од установата ги мапираа сите ресурси кои може да се користат за анимирање на слободното време на децата (игралишта, трговски центри, библиотека, базен, театар и слично). На децата редовно и на најразлични начини во изминатата година им се организираше слободното време.

Вклучени во здравствена заштита и се евидентирани кај матични лекари во најблиската околина,каде што се сместени. Тие добиваа редовна и вонредна здравствена заштита, согласно потребите.

Установата активно соработуваше и со граѓански здруженија, согласно потребите, а посебно би ги истакнале услугите од Прв сеемен центар каде што во акутни состојби децата кога не беа примани на Психијатрија, беа носени редовно на психотерапија. Овие услуги од страна на ПСЦ ги дадоа очекуваните резултати, во интерес на децата.

Контактите со Клиниката за психијатриски заболувања на деца, се редуцирани бидејќи стручни лица од Клиниката за Психијатрија во неколку наврати и во 2023 година, кога од страна на установата, во придружба на брза помош и МВР се носеа деца во акутна, високо ризична и кризна состојба, беа одбивани за прием, со укажување дека истите биле сместени на Психијатрија и не може понатаму така да се третираат од причина што изостануваат резултати.

Наводите од Клиниката за Психијатриски заболувања се споделени со релевантните институции со укажување дека Клиниката многу често во услови на ризик одбива соработка, а како резултат на претходното установата не може да обезбеди грижа за овие деца, бидејќи не располага со стручен медицински кадар.

Како резултат на претходното, направена е соработка со УНИЦЕФ, од чија страна е ангажирана НВО Хера, преку која дојдовме до стручни медицински лица – Психијатри и Психолози и при тоа направена е дијагностика и анализа на секое од децата. Резултатите се многу видливи, сликата за понатамошен третман на децата е многу јасна и континуирано се постапува по наодоите и извештаите од Психијатар и Психолог. Како резултат на оваа соработка, поттикната од страна на установата, можеме да кажеме дека имаме конкретни сознанија кој тековно даваат резултати во понатамоишната работа со деца, но и нудиме помош и подршка на едно друго ниво, на кое до овој момент, не можевме да се пофалиме со резултати.

Во неколку наврати, не за прв пат, но и во 2024 година дадена е иницијатива од наша страна за формирање на Одделение за третман на психијатрски случаи во рамки на установата, кое би било подржано од стручни работници во проблематиката, медицински кадар, а работата би била организирана во интерес на децата. Нашите предлози немаме информации дека се разгледани од релевантни институции, ниту пак имаме сознанија дека се превземени конкретни чекори за решавање на овој проблем, за кој е многу веројатно да се претпостави дека може да резултира со несакан епилог на штета на дете во ризик. Ова Одделение би давало континуирана подршка, во соработка со Министерството за здравство, односно не би зависеле од надворешни фактори, како до овој момент.

Направена е соработка со НВО младите можат, при што е организирана едукација за кариерно советување, која остави позитивен белег кај присутните и даде видливи придобивки, со укажување дека едукации од овој карактер се неопходни во иднина, во поголем број.

Иницирана е соработка и со Млади правници, која ке отпочне во 2025 година.

На овој начин, преку вклучување на надворешни фактори кои може да дадат придонес, успеваме да се избориме се тековните проблеми и да не дозволиме истите да доминираат и да резултираат негативно.

ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во изминатата 2024 година констатирано е дека бројот на вработени во установата е недоволен за непречено извршување на работните обврски од страна на давателите на услуги и административниот кадар.

Со почеток од 2018 година кога беа вработени повеке од 20 стручни работници и 2019 година кога се вработија 10 стручни работници, до денешен ден во установата не се обезбедени финансиски средства за вработување на стручен кадар.

Од наша страна вработувањата се нагласени како итни и неодложни од причина што одливот на кадар е многу голем.

Во месец декември 2024 година од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, е доставена до Установата согласност за вработување на 8 лица даватели на услуги и 3 лица – помошно технички кадар. Постапката за вработување е започната согласно Законот за социјална заштита и Законот за работни односи и истиот е во тек. Постапката ке биде завршена во 2025 година, во услови, ако се обезбеди продолжување на финансиската согласност за тековната година и доколку се добие согласност од страна на МИОА за Годишниот план за вработување за 2025 година. Во спротивно вработувањата нема да се реализираат, имајки во предвид дека секоја година, мора да се подржи со нова согласност од Министерството за финансии.

За правилно работење на установата е неопходно итно вработување на уште најмалку 12 стручни работници, имајки во предвид дека местата се испразнети по основ на откажување на договорите за работи од страна на вработените. Секако во ситуација со полн број на вработени, установата би отворила и нови мали групни домови и би се организирала работата, согласно правните акти во сила.

Одлуките за намалување на бројот на мали групни домови до овој момент се носени како резултат на неможност да се изнајде друго решение, но истите се спротивни на начинот на организација на работата, дефиниран во Правилниците за работа на установата, Статутот и Законите во сила. Токму тоа треба да се промени, но како установа самите не сме во можност да превземем чекори без подршка и логистика на Министерството.

За сите проблеми со кои се соочуваме како последица на недоволно кадар за работа, ги информираме Службите при Министерството и Заводот за социјални дејности.

Во однос на едукацијата и законската обврска за стекнување со лиценца, укажуваме дека сите стручни работници имаат Лиценца за работа, како резултат на едукативна и загарантирана обврска за одработување на конкретен број на часови од модулите – обуки од разни сфери во ЗСД Скопје и потоа полагање на стручен испит.

Не помалку важно е да напоменеме дека стручните работници тековно го надоградуваат своето знаење со редовно следење и имлементирање на најнова стручна литература во секојдневата пракса и работа со децата од установата.

Укажуваме дека согласно специфичноста на работата со деца во висок социјалален ризик, деца со психијатриски дијагнози, дека корисници на психотропни супстанци, деца сторители на потешки и полесни кривичнид ела, обуките кои вработените ги посетуваат не се доволни за целосна надградба на знаењето.

Установата и во тековната 2024 година не располагаше со буџет кои би го користела за дополнителна стручна едукација на вработените, согласно потребите и искуствените проценки за потребите, но успешно организираше едукации со надворешни соработници, кои се покажаа како позитивни..

Ф И Н А Н С И Р А Њ Е

Јавната установа зврши уште една успешна година финансиски, водејки се од финансискиот план за 2024 година.

Изготвен е Годишен план за јавни набавки за 2024 година, кој се имплементираше во пракса, во интерес на задоволување на тековните потреби на јавната установа, по добиена согласност од страна на МТСП.

Врз основа на истиот побарани се согласности за финансии од страна на МТСП, а постапки за јавни набавки се спроведени за оние потреби кои се одобрени од МТСП.

Јавните набавки кои установата ги реализираше се со цел задоволување на потребите на јавната установа. Истите во поголем дел се задоволени, водејќи се од фактот дека за секоја потреба е водена транспарентна постапка согласно Законот за јавни набавки.

Укажуваме дека во тек на изминатата 2024 година, децата не беа однесени на летен одмор, од причина што голем дел од децата покажаа ризично однесување, сторување на кривични дела, па од тука проценката на ризик беше преголема, за заминување на годишен одмор.

Установата и оваа година превземаше дејствија пред надлежни судови во однос на финансиски долгови за поранешен објект во употреба "Ранка Милановиќ", во насока на негирање на обврска на Јавната установа за плаќање на долгови, направени од страна на дуги лица – бездомници, во надлежност на ЦСР Скопје.

Доставена на е тужба од страна на ЈП Водовод и канализација, на која одговоривме како установа, преку ангажирање на адвокат, кој би докажувал дека навремено и многу свесно сме го информирале Министерството дека таму не извршуваме дејност и дека треба да се превземат чекори во однос на регулирање на статусот на диво населените лица во објектот, но и да се заштити, односно да не се повикува Установата на одговорност, која никако ја нема и со истата не смее да се оптеретува. По постапувањето преку Адвокат, веднаш се известени стручните лица од Министерството за демографија и млади, за сите околности и случувања во и со објкетот на поранешна Ранка Милановиќ, имајки во предвид дека се работи за нова раководна структура во Министерството, која не беше запознаена со претходните настани. Цениме дека не пренесувањето на информации од една на друга гарнитура на вработени, не е во ред и најсериозно се одразува на установите како нашата, кој имплементираат политики.

Во контекст на претходното, укажуваме дека од наша страна пред неколку години е повикана внатрешна ревизија, која упати на превземање на чекори за решавање на проблематиката, а истите се однесуваа на МТСП и на јавната установа. Она со што установата беше задолжена од страна на Службата за внатрешна ревизија е истовремено превземено, известено е МТСП дека е неопходно превземање на активности за изнаоѓање на соодветни решенија и по наша иницијатива ангажирано е правно лице, кое се произнесе со вешто мислење дека објектот е во екстремно лоша состојба и е небезбеден за понатамошно функционирање.

Проблемот не е решен до денешен ден, а установата нема ниту надлежност да постапува, ниту ингеренции да врши исплата на долгови кои не ги направила, па од таа причина ке продолжиме со докажување на правадата пред надлежни судски органи.

Најголемите расходи се направени за куќите под закуп, каде се извршуваат работните задачи на установата и каде што се згрижени деца, како и за комуналии за истите.

Министерството за труд и социјална политика е информирано дека овие трошоци се големи и дека е неопходно да се најде друга алтернатива за сместување на децата, во смисла да не се изнајмуваат куки, туку да се изградат на државен имот.

Предност би било тоа што ние тие куќи би ги прилагодиле и опремиле согласно нашите потреби со што би заштедиле на комунални трошоци. Во сегашните услови се грееме на системи за греење воспоставени од сопствениците на куќите, кои се неекономични и резултираат со огромни фактури.

Менувањето на куки на краток период е невозможно, но и лошо се одразува на сите страни од причина што децата треба да ја менуваат средината, а тоа значи постојан упис во нови училишта, во друга локална самоуправа, нови матични лекари, излегување од средината каде сме адаптирани..

Сите тие елементи не се во интерес на самите корисници на услуги, а ниту се во интерес на работата на установата.

НАДЗОРИ И ИНСПЕКЦИИ ВРЗ РАБОТАТА НА УСЗ

Во Тековната 2024 година за Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение се реализирани неколку инспекциски надзори од страна на социјална инспекција и еден од инспекторатот за употреба на јазиците..

По завршените надзори од страна на социјална иснпекција, не се пронајдени пропусти во работењето и постапувањето на јавната установа. Установата во извештаите од социјалните инспектори постапила согласну процедурите за работа во сила. Од страна на инспекторите од социјална инспекција јасно ни е ставено на знаење дека установата постапувала и надвор од своите ингеренции, имајки во предвид дека истата превземала чекори во интерес на децата, каде е неопходно постапување на Центрите за социјална работа.

МНогу јасно на инспекторите им е ставено до знаење дека Центрите за социјална работа, имаат многу пасивна улога во работата, која посебно се манифестира во однос на корисниците на услуги, каде центрите се во улога на старателски органи. Укажуваме за претходното и на Заводот за социјални дејности, како и Службата за социјална заштита при Министерството, но факт е дека до овој момент активно постапување, не е забележано.

Пред инспекторатот за употреба на јазиците е ставено на знаење дека установата одредбите од овој Закон никогаш не ги имплементирала, имајки во предвид дека немаме систематизирано лице кое би правело превод на документацијата на двата јазика, а исто така ниту имаме средства одобрени за имплементирање на одредбите од овој Закон.

Од наша страна по пристигнување на Решение од Инспекторот за употреба на јазиците, превземени се следните чекори, направена е промена на печатите, бидејки во консултација со Агенцијата за употреба на јазиците, констатирано е дека називот не бил преведен на албански од страна на лектор. Доставен е налог за изработка на табла на која називот на установата ке биде нотиран на македонски, албански и англиски, согласно Законот за примена на јазиците, а во наредна фаза ке се обратиме и до Централен регистар каде ке побараме превод на уште два јазика освен на Македонски. При имплементација и корегирање на забележките од Записникот, ке постапиме, согласно можностите, во смисла на одобрени средства од страна на надлежното Министерство.

Како Установа за социјална заштита побаравме инспекциски надзор од надлежните институции или ресорните Министерства за конкретната проблематика и тоа МТСП и МОН, пред кои го нагласивме проблемот дека во ОУ при јавната установа со почеток на септември месец 2023 година, не е запишан, ниту е во најава запишување на ученик, а вработените наставници во ОУ земаат плата редовно, што е спротивно на Закон. Во установата се водат како Воспитувачи со задолженија, што воопшто не допринесува до законито постапување, ниту пак ги амбицира да постапуваат со децата.

Нагласивме дека проблемот со понатамошно работењене на ОУ при јавната установа е од многу одамна и за истиот се уште не е најдено решение и покрај укажувањата дека по донесување на законот за социјална заштита од 2019 година се помал ке биде бројот на деца кои ке се запишуваат во основно образование, кои се сместуваат согласно изречена судска пресуда. Претпоставениот проблем се манифестира во пракса, а установата нема компетенции истиот да го реши самостојно, бидејки станува збор за политика

на МОН и МТСП, кој е неопходно итно да се дефинира и да упатува на поматамошно постоење на ОУ или негово укинување.

ВД Директорката се обрати за прв пат во 2023 година, потоа и во 2024 гдина со овој проблем до Службите при МТСП, а потоа и до кабинетот на Министерот за образование, свесно постапувајки со барање на насоки, водејки се од Законот за основно образование, каде е нагласено дека платата се пресметува согласно бројот на часови на вработените. Во случајот потенцирано е дека поради недостаток на деца или немање на ниту едно дете, никој од вработените не треба да земе плата. Но од друга страна нагласено е дека децата во оваа Служба се упатуваат со судски пресуди, па не може да се предвиди кога и дали некое дете би било сместено за што судот нема обврска да направи претходна најава.

Направени се неколку средби помеѓу МОН и МТСП, на кои не е донесена одлука која би се имплементирала. На понатамошно инсистирање на ВД Директорката на установата, на одржан сосотанок во просториите на МТСП дадени се насоки да се направат задолженија за наставниот кадар од училиштето и истите да продолжат да работат воспитна работа во установата, а да се исплаќаат од страна на МОН, бидејки работниот однос им е заснован во установа во социјална заштита.

На ВД Директорката и се дадени информации дека тоа е моментално решение, со цел никој да не остане без работа, а креирањето на понатамошни политики и доставување на амандмани во Законот за основно образование, би го решило понатаму и овој проблем.

Во меѓувреме во установата се најавија на средба претставници од МОН, каде се согласија дека донесеното решение е далеку од идеално, односно истото не неприфатливо за МОН. Потенцираа дека тие ке се обратат до Државен просветен инспекторат, од каде сите ке чекаме насоки за понатамошно постапување.

Во моментот, наставниот кадар не може да биде доведен во ситуација да сработи било што, имајки во предвид дека свесно се избегнуваат одговорности, вклучување во работа и слично, од причина што на сите им е јасно дека нема начин и не постои алатка која Директорката би ја употребила за казнување на наставниците. Не е можно да се повиа на Законот за социјалана заштита, бидејки плата од социјала не земаат, но ниту по Законот за основно образование, бидејки не работат по наставна програма за работа со деца.
Потенцираме сериозен проблем, кој ја доведува установата на работ на законито постапување, а факт е дека од наша страна, уредно и навремено се споделени сите информации до надле=ните лица.

Со Народниот правобранител остваривме коректна соработка и при неговите обраќања со цел добивање информација, писмена или усмена, во целост ја испочитувавме својата обврска во чии рамки до Правобранителот навремено се доставени сите барани и потребни информации.

Во однос на хигиената при подготовка на храна правиме редовни контроли на истата со оставање на примерок од подготвени оброци, како и редовни медицински испитување на лицата вклучени во работа со подготовка и дистрибуција на храна. Со инспектори од Агенцијата за храна и ветеринарство одамна не сме имале средба.

ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

Во делот на останати активности во јавната установа во рамки на извештајната 2024 година ќе обрнеме внимание на фактот дека установата реализираше одлична соработка со невладини органоизации, преку реализирање на проекти за стекнување на нови вештини кај корисниците на услуги, како и проекти за доедукација на стручниот кадар.
Би ја потенцирале соработката со УНИЦЕФ, која продолжува и во 2025 година, каде ни се овозможени услови за континуирана соработка со психијатар за децата, но и психолог од Клинички центар, многу тешки стручни лица за стапување во контакт.
Оваа соработка упатува на сензибилизирање и на наставниот и раководен кадар од основните и средни училишта, каде посетуваат настава нашите корисници на услуги, во смисла на подршка на децата, мониторирање и насочување на кадарот, во делот на стручноста, но и потрошеноста на работно место, при вршење на работни задачи, од висок ризик.

Ќе обрнеме внимание дека во тековната година интензивно се работеше на едукација на децата на хигиенските навики, но и на моралните и етички начела во живот и работата, па согласно тоа посебен акцент се стави на организирање на акции за средување на просторот во кој децата живеат и се развиваат.
Во тек на летото дел од куќите изготвија летна програма за анимирање на децата, по која се постапуваше во интерес на пополнување на времето во периодот на летен распуст.

Реализирани се повеќе кретаивни работилници за работа со децата со што би се олеснил пристапот до децата и нивните потреби.

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАЗВОЈ НА КОРИСНИЦИТЕ

Во рамки на оваа точка ќе обрнеме внимание дека со корисниците со воспитно социјални проблеми е работено согласно однапред утврдена Годишна програма за работа, обемот и начинот на давање на услуги е квалитетен и е во целост прилагоден на потребите на корисниците од установата, со цел постигнување на целта односно во насока на постигнување на најдоброто за децата од установата.

Редовните извештаи се доставувани до ЈУ ЗСД, каде резултатите се сумираат и се доставуваат до Министерството за социјална работа, демографија и млади..

Во рамки на 2024 година констатиран е прогрес кај дел од корисниците, мерејќи, односно имајќи ги во предвид имплементираните индикатори за следење на развојот на секој корисник поединечно, во континуитет, но и регрес кај една група на деца, пред се како последица на непостапување на голем дел од институциите во системот.

Нагласуваме причини за регрес:

- несоодветно сместување во установата од страна на Центрите за социјални работи,
- не навремена промена на мерка, кога се исполнети условите за истата,
- предолго време поминато во установата,

- психијатриски дијагнози,
- континуирано сторување на кривични дела без санкција за истите,
- злоупотреба на психотропни супстанци и слично.

Најгласно би го акцентирале моментот на несоодветно сместување на деца во установата, во смисла на сместување на деца кои веќе имаат сериозна нарушеност во поведението, а тековно биле сместени во Установа години наназад, што е спорно, имајкиво предвид дека во процесот на деинституционализација нашата установа, нема специфични механизми за работа, наспроти другите институции. За жал без да се води грижа за интересот на децата, јасно се наметнува констатацијата дека со носење на децата во установата по секоја цена, само се тргнува проблемот со истите од своите ингеренции. Во вакви случаи најмалку станува збор за постапување во интерес на децата. Истото го нотираме години наназад, но и во овој дел никој не превзема чекори, почнувајки од Заводот за социјални дејности.

Индикаторите се соодветен начин за мерење на развојот на децата. Јавната установа до ЗСД редовно доставуваше Извештаи (месечни, тримесечни и шестомесечни) за развојот на корисниците, согласно утврдениот план.

Поради непостапување на Центрите за социјални работи на територија на РСМ, како сместување на деца кои се не спремни или се недоволно спремни за згрижување во Одделите за работа во установата, не посетување и не постапување по индивидуалните планови за работа од страна на органите за старателство, пасивното дејствување на органите за безбедноста, дел од децата се во многу неповолна ситуација и установата се произнесува во овој дел, со потенцирање на негрижа од страна на активни чинители кои треба да се подеднакво амбицирани за грижа на децата како и самата установа.
Токму претходното, без негативно влијание во работа од страна на установата, бележиме регрес кај одредени корисници на услуги.

Она што сакаме да го нагласиме и го цениме за многу важно, во рамки на овој извештаен период е фактот дека Усановата навремено констатираше несоодветно и девијантно поведение од страна на група деца во установата.

Исто така, со надлежните органи и институции споделени се многу важни информации кои се во прилог на фактот дека дел од децата, како организирана група, користат психотропни супстанции, препродавање на истите, вршат кражби, лесни и тешки, разбојништва, физичко насилство и слично. Установата во рамки на обезбедување на сознанија често излегуваше надвор од своите ингеренции. Исто така постапуваше и при мотивирање на институциите да постапат, па од тука нагласуваме дека го информиравме Министеството за труд и социјалан политика дека во установата има деца во висок ризик кои ке направат инфекција на останатите и дека е неопходно превземање на дејствија против истите од страна на Центрите, поради висок ризик по личното здравје и безбедност, но и поради загрозување на средината каде функционираат и се движат.
Од страна на ниту еден ЦСР немаше никаква реакција, а образложението е дека нема друга институција каде децата би биле згрижени.
Установата располага со огромен број на информации доставени до ресорните полициски станици при СВР на МВР. Реализирани се повеќе состаноци со Началниците на СВР Скопје, на П.С Ѓорче Петров и П.С Карпош, со укажување дека децата сторуваат тековно кривични дела, а установата не може да обезбеди материјални докази, бидејки тоа е работа на органите на

безбедноста. Од таа причина во многу наврати замолеми се истите да постапат во интерес на сите граѓани.
МВР се оградува со потенцирање на факт дека обвинителството е она кое не постапува, а не органите на безбедноста.
Од страна на Директорката, по стеканти сознаија направен е состанок со Јавен обвинител Гаврил Бубевски, кои стапи во директен контак со Началниците од полициските станици.
Установата ги превзема сите потребни чекори за миноризирање на оваа ситуација, согласно закон и ингеренции, но превзема и други дејствија, во интерес на затворање на овој проблем, а успехот го постигнавме со интервенирање кај нависоките структури во МВР, лично Министерот тогаш, како и првиот човек на Бирото за јавна безбедност. На децата им беше во 2024 година изречена мерка воспитно поправен дом, после многу време и сериозна штета направена на угледот на јавната установа и останатите корисници. Се надеваме дека за сите нас од системот на социјална заштита ова ке ни биде солидна лекција за понатамошно постапување, како и дека никогаш установата нема да биде оставена сама да се снаоѓа, при тоа бележејки незаинтересираност од сите други институции, како самите да немаат обврска да постапат, и ако се вмрежени во системот на социјална заштита.

Во тековната 2024 година, како последица на непостапување на МВР, по пријави дека во установата се згрижени високо ризични деца, за кои се сомневаме дека сторуваат кривични дела, беше направен вооружан упад во еден мал групен дома од страна на непозната група, возрасни лица, на број 9, видно од камерите во куќата. Насилното влегување и заканување кон воспитувачот на смена и присилно извлекување на децата од кревет, веќе заспани, е флагрантно кршење на правата на децата, на установата, на вработените. Настанот е пријавен истиот ден, но од страна на П:С Карпош(во случајот еонска полициска станица), кажано е дека нема предмет бидејки сме им отвориле врата на луѓето. Началникот не сакаше да слуша дека вратата е отворена бидејки лицата при тропање се претставуваат како полиција, што и онака често доаѓа,најчесто во цивил. Настанот е затворен, одговорност нема, а од вмрежените институции во социјална заштита немаше никаква реакција, ниту насоки како понатаму во вакви и слични ситуации.
Самоиницијативно, по барани и добиени информации, изговивме Правилник за постапување, во смисла на неотварање на врата ниту кога на врата е реално полиција, додека не ни биде дојавена посета однапред од полициска станица.

Бројната состојба на корисниците ја евидентираме во кварталните извештаи, кои ги доставуваме до МТСП, Службата за социјална заштита.
Со акутни случувања поврзани со корисниците на услуги од установата, навремено го известуваме ЗСД, МТСП и други надлежни институции.
Пред ЗСД се одржани повеке координативни средби, најчесто на наше барање, во насока на потикнување на останатите чинители да се вклучуваат во предметите на децата на посоодветен начин од детектираниот.

Реализирана воспитно, стручна и образовна работа

Стручните работници во установата во целост ја имаат завршено својата стручна работа според предвидениот план и динамика за работа на згрижените коисници во текот на оваа календарска 2024 година

Се води задолжителна и уредна евиденција и документација за секој згрижен корисник, од самиот почеток на згрижување во установата, во текот на целокупниот воспитно-образовен третман и при отпуст на истите. Се изготвува кумулативно досие за секој корисник поединечно, се следи неговото целокупно однесување за време на институционалниот третман, се следи извршувањето на планот и програмата за индивидуална работа – третман со секој корисник ,се даваат предлози и мислења за сите активности кои треба да се превземаат според планот на ресоцијализација на секој ново дојден корисник.

Се врши опсервација и помош во надминување на потешкотиите при адаптација на корисникот .

Покрај матичната книга во која се регистрира секој корисник згрижен во установата се водат и пополнуваат повеќе интерни книги.

Навремено се пополнува месечниот извештај за следење на состојбите во установите за социјална заштита врз основа на превземените активности во текот на сите месеци од годината и навремено се доставени по електонски пат до ЗСД – Скопје, со прилог Список на корисници згрижени во установата за секој месец поединачно. Со тоа ЗСД имаат увид во нашето работење на стручен план со корисниците во текот на целата година.

Институционалниот третман на корисниците во установата се реализира со примена на повеќе форми и методи за работа, преку индивидуални и групни разговори на различни актуелни теми се со цел нивна ресоцијализација и корекција на нивното нарушено поведение,креативно извршување на работни задолженија,стимулирање на процена и самопроцена, усвојување на позитивни социјални вештини,дефинирање на позитивни ограничувања,дооформување на културни,хигиенски и работни навики.Значајно место завзема и образовниот третман.Нашите активности кон образовниот процес се насочени кон следење на успехот и поведението, помош во реализирање на училишните обврски, мотивирање и стимулирање за стекнување на нови знаења.

Се делува советодавно како на воспитен така и на образовен план каде на кајот од овој извештај подетално ќе бидете информирани.

Навремено се изготвени сите редовни шестомесечни извештаи во текот на годината за секој корисник поединачно. По потреба беа изготвени и неколку вонредни извештаи и доставени до матичните ЈУМЦСР и до надлежните судии за деца на нивно барање.

Извештаите секогаш се реални, објективни, опфатено е целокупното однесување на корисникот за време на извештајниот период замајќи ги во предвид сите аспекти за тоа како се реализира изречената воспитна мерка.

По реализација на Планот за индивидуална работа со корисникот,на крајот на третманот се прави евалуација за спроведената постапка.

Секогаш од страна на стручните работници за потребите на корисниците се превземаат активности, ,покрај воспитниот и образовниот процес кои континуирано се следи (за оние корисници кои постојано се присутни во установата) и третман на здравствен план: посета на стоматолог,матичен лекар.

Проблемот со корисниците кои користат психотропни супстанци и т.н категории *улични деца* (типични скитници) останува и постои понатаму.

Секогаш јавно говориме за овој проблем и го иницираме до надлежните органи,се со цел стручна помош и насоки за надминување на истиот.
Но досега нема конкретно решение и за овој проблем.
Напоменуваме дека во последно време има тенденција на што поголем број на корисници, згрижени во установата со психијатриски проблеми.

И покрај нашите вонредни извештаи до матичните ЈУМЦСР со барање за Итно постапување и изнаоѓање на адекватни форми и помош на згрижување на деца со зголемен ризик по нивното здравје ,центрите за социјајна работа немаат други форми на згрижување на вакви случаи и истите остануваат во нашата установа ,со нецелисходно решение во надминување на проблемот. Неколку корисници со појава на вакви проблеми беа хоспитализирани на Детска Психијатрија при клинички центар - Скопје.
Во однос на претходното, во интерес ни е соработката со Психијатар, клинички психолог и дефекторолог, обезбедени преку УНИЦЕФ, имајки во предвид дека прв пат установата добива вака посветени јасни наоди, со конкретен наратив, по што можеме да дојдеме до соодветни заклучоци, но и јасни насоки за работа со децата. Тоа е она што би го истакнале како најсветол пример за работа со деца, со почеток на реализиација од 2024 година, за кој сакам да верувам дека ке биде со неограничен рок.

Соработка на УСЗ со надлежни институции ,субјекти опфатени во процесот на реализирањето на изречената воспитна мерка на згрижените корисници .

Редовно доставување на потребните дописи, извештаи ,известувања до надлежните институции (Центри за социјални работи, полициски станици, заводот за социјални дејности, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Основните судови),се со цел благовремено информирање и превземање на чекори за разрешување на проблеми кои се појавуваат во текот на сместувањето на институционалниот третман на корисниците.

Реализирани телефонски контакти во континуитет и писмени дописи со Центрите за социјални работи на територија на РСМ.

Реализирани теефонски контакти со надлежните полициски станици и редовна достава на известување во случај да корисникот кој самоволно се има оддалечено од установата.

Во вакви случаи ние како установа, ги превземаме корисниците и ги враќаме во установата по најава на надлежни полициски службеници дека истите се приведени по основ на распишана потерница.

Откако корисникот ќе се врати во установата изготвуваме допис за запирање на потерница. Во исто време со писмен допис ги известуваме и матичните ЈУМЦСР

Реализирани телефонски контакти и достава на редовни шест месечни извештаи од стручните лица при установата со наше мислење за нивниот понатамоше статус и тоа:

- Запирање на изречената воспитна мерка,
- Продолжување на изречената воспитна мерка (која трае од најмалку 6 месеци до три години според Законот за правда на деца),
- промена на изречената мерка.

Ова се три основни законски параметри со кои корисникот може да си оди од установата ако се работи за корисници кои се згрижени со судско Решение. За оние корисници кои се зместени со Решение на матичните ЈУМЦСР , статусот на згрижен корисник му престанува со Решение за прекин на престојот во установата.

Редовни контакти, но на нездоволително квалитетно ниво имаме со месно надлежните Основни судови од причина што истите немаат интерес за запознавање на просторот и средината каде сместуваат корисници на услуги, што е секако не прифатливо за независното судство.

Во процесот на деинституционализација установата работи со ограничени капацитети, а судовите при изрекување на пресуди и немаат сознанија дали установата во моментот има капацитет за прием за нови корисници.

Информираме дека редовна комуникација и посети се реализираат со педагошките служби од средните училишта и основните училишта на територија на град Скопје, а со дел од нив нагласуваме дека имаме сериозна и добра соработка која е во интерес на децата.

Во услови кога соработката со ОУ не одеше во прилог на професионална соработка, во неколку ситуации барана комуникација со БРО од каде се добиени потребните насоки..

На барање на Завод за статистика, ЗСД и МТСП се пополнуваат обрасци со статистички податоци за корисниците и вработените во установата за секоја изминатa година.

До Министерството за социјална политика, демографија и млади, се изготвувани редовни извештаи за воспитно-социјалната работа и образованието за корисниците на период од секој изминат три месечен квартал во текот на годината.

Соработката на установата со матичните центри се одвива помеѓу стручните работници по одредени прашања важни за корисникот.

Се трудиме таа да биде на едно професионално ниво ,во рамките на нашите можности и во интерес на корисниците.

Пополнети и доставени се Индикатори за корисници од страна на групните воспитувачи (за сите присутни корисници) на барање на Завод за социјални дејности.

Нагласуваме недоволно добра соработка со органите за безбедноста, со кои остваривме неколку средби, за кои цениме дека беа од куртоазна природа и истите не ни носат резултати.

Она што го нагласуваме за потребно и неопходно е продолжување на комуникацијата на корисниците на услуги со биолошките сродници, кога има услови за тоа. За продолжување на емоционалната врска со потесното семејството и родниниите,корисниците во соработка со ЦСР и наша проценка се пуштаат на домашно отсуство за време на летниот и зимскиот распуст,за празници ,продолжени викенди и по нивна потреба.

Образование во Служба за наставно образовна дејност

Пред надлежните институции Министерството за социјална политика, демографија и млади и МОН го нагласивме проблемот дека во ОУ при јавната установа со почеток на септември месец 2023 година, не е запишан, ниту е во најава запишување на ученик, а вработените земаат плата редовно, што е спротивно на Закон.

ВД Директорката се обрати со овој проблем до Службите при МТСП, а потоа и до кабинетот на Министерот за образование, свесно постапувајки со барање на насоки, водејки се од Законот за основно образование каде е

нагласено дека платата се пресметува согласно бројот на часови на вработените.

Направени се неколку средби помеѓу МОН и МТСП, на кои не е донесена одлука која би се имплементирала. На понатамошно инсистирање на ВД Директорката на установата, на одржан сосотанок во просториите на МТСП дадени се насоки да се направат задолженија за наставниот кадар од училиштето и истите да продолжат да работата воспитна работа во установата, а да се исплаќаат од страна на МОН, бидејќи работниот однос им е заснован во установа во социјална заштита.

На ВД Директорката и се дадени информации дека тоа е моментално решение, со цел никој да не остане без работа, а креирањето на понатамошни политики и доставување на амандмани во Законот за основно образование, би го решило понатаму и овој проблем.

Установата не се согласува со ова решение и потенцира дека наставниот кадар не може да биде воспитен кадар кој ке работи со деца во висок социјален ризик, како и фактот дека не е логично наставниот кадар да работи воспитна, а не наставна работа, како и да продолжи да се финансира од страна на МОН.
По имлементирање на насоките добиени од МТСП, во рамки на извештајот за 2024 година, исто како и во извештајот од 2023 година,информираме дека наставниот кадар не е продуктивен во работа со деца во висок социјален ризик, се повикува на правата од законот за основно образование, опонира на одлуки повторно повикувајки се на Законот за основно образование, а од аспект на установата во дел од приговорите овие вработени имаат право имајки вопредвид дека работат во услови на неразјаснети околности. Директорката на Установата е Директор од социјална заштита, а не од образование, па од тука и таа се оградува од ингеренции кои се дефинирани во рамки на Законот за основно образование.

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2024 ГОДИНА

Во Годишната програма за работа на установата за 2023 година беше предвиден начинот на работа и обврските на секој од вработените. Исто така во Годишната програма се предвидени и обврски за одговорното лице и раководителите на службите.

Согласно Годишната програма за работа секој Оддел за работа изготви своја Годишна програма за работа, по која постапуваше, согласно можностите и ингеренциите за работа.

Делот во кој Прпграмата не е спроведена, не е во рамки на одговорност на установата, бидејќи од страна на установата се превземени сите чекори за постапување, но останатите вмрежени карики не дадоа придонес, во интерес на реализација на истата.

Информираме дека тековната работа со децата е спроведувана врз основа на наведениот оперативен план од страна на стручните лица во установата и тоа Воспитувачи, Психолог, Педагог и Социјален работник и согласно наведеното можеме да констатираме дека истиот во целост е реализиран, нема нереализирана, а планирана услуга за корисниците.

ЗАКЛУЧОК

Јавната установа за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение е дел од системот на социјална заштита и има надлежност да згрижува, ресоцијализира, превоспитува и овозможува услови за живот на деца во социјален ризик.

Секојдневно воспитниот кадар се вложува во работа со оваа категорија на деца и се обидува да постигне максимум во работата.

Во интерес на постигнување на саканите резултати, нагласуваме во заклучокот дека за понатамошно функционирање во установата е неопходен стручен кадар за работа со деца, добро екипиран и стручен со работно искуство, сензибилизираност и желба за работа на истиот, вложеност, мотивираност, супервизија над работата, редовна евалуација на процесите во тек, соодветни обуки и едукација.

Исто така, неопходно е вклучување на сите институции кои треба да соработуваат со установата во интерес на децата, а не пасивно постапување или не дејствување, јакнење на свеста за работните обврски, но и општествениот придонес.

Установата може да работи и да дава резултати во соработка и со подршка од други чинители, во спротивно резултатите ке изостануваат.

Неопходно е отворање на нови одделенија и нови услуги за работа со корисниците, но тоа е во понатамошна работа на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Не реализираните, а планирани активности ке бидат воспоставени како приоритети во наредната 2025 година.

Скопје
30 Декември 2024 година

ВД Директор,
Виолета Масевска Палиќ